Врз основа на член 33 став 10 од Законот за вештачење (Службен весник 154/23) и член 12 алинеа 25 од Статутот на Комората, Управниот одбор на Комората на вештаци на Република Северна Македонија на ден 13.02.2025 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**За утврдување на надомест на трошоци за присуство на седница за членови на Надзорен одбор**

**Член 1**

Членовите на Управниот одбор на одржаната седница го усвоија предлогот **За утврдување на надомест на трошоци за присуство на седница за членови на Надзорен одбор,** и тоа:

Се определува надоместот на трошоци на членови на Надзорен одбор да изнесува 30% од цената на најскапото литар гориво за секој изминат километар.

Надоместокот ќе се исплаќа по доставување на трошковник.

**Член 2**

Оваа Одлука стапува на сила на денот на нејзиното донесување.

Претседател на Управен одбор на Комората

______________________

Д-р Виктор Камнар